Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

## УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
## DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

Арх.бр. УП1-11/4-1862/2019

Дата. 29-01-2020

ДО: КД "ЕНВИРО РЕСУРСИ" ДОО
ул. "Лондонска" бр. 19, ТЦ Тафталиџе/с3, лок 1 и 2
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ: Доставување на Решение

БРСКА: Ваш број 197-12/19 од 26.12.2019 година

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви доставуваме Решение број УП1-11/4-1862/2019, за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина за проект - Инсталација за складирање, третман и трговија со секундарни суровини во општина Кисела Вода, Скопје, за потребите на инвеститорот ДТУ "РЕЦКОСС-ТРАНС ЛТД" ДООЕЛ од Скопје.

Со почит,

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изработил: Мустафа Камили
Контролирал: Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска
Одобрил: Директор на Управа за животна средина
Xhezmi Saliu

Прилог:
Решение за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина за проект – Инсталација за складирање, третман и трговија со секундарни суровини во општина Кисела Вода, Скопје, за потребите на инвеститорот ДТУ "РЕЦКОСС- ТРАНС ЛТД" ДООЕЛ од Скопје.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk
Scanned with CamScanner

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

29 -01- 2020

Врз основа на член 24 став 7 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016), постапувајки по барањето на КД "ЕНВИРО РЕСУРСИ" ДОО од Скопје, за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина број УП1-11/4-1862/2019 од 30.12.2019 година, Директорот на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

## РЕШЕНИЕ

### За одобрување на Елаборат за заштита на животната средина

1. Со ова Решение се одобрува Елаборат за заштита на животната средина со број 197-12/19 од 26.12.2019 година, изготвен од страна на КД "ЕНВИРО РЕСУРСИ" ДОО од Скопје, за проект - Инсталација за складирање, третман и трговија со секундарни суровини во општина Кисела Вода, Скопје, за потребите на инвеститорот ДТУ "РЕЦКОСС- ТРАНС ЛТД" ДООЕЛ од Скопје.

2. Од доставената документација констатирано е дека со изведбата и функционирањето на проектот - Инсталација за складирање, третман и трговија со секундарни суровини во општина Кисела Вода, Скопје, нема да има значителни влијанија врз животната средина.

3. Инвеститорот се задолжува целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за заштита предвидени во Елаборатот за заштита на животна средина, како и кон дополнителни решенија до колку низ изведбата и функционирањето на проектот се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 4
www.moepp.go
Scanned with CamScanner

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

## Образложение

Од Ваша страна беше доставен Елаборат за заштита на животната средина за проект - Инсталација за складирање, третман и трговија со секундарни суровини во општина Кисела Вода, Скопје, за потребите на инвеститорот ДТУ "РЕЦКОСС- ТРАНС ЛТД" ДООЕЛ од Скопје.

Локацијата на која е предвидена изведбата на проектот - Инсталација за складирање, третман и трговија со секундарни суровини е на КП број 9931/3, на ул. "Герника" бр. 80, КО Драчево 2 во општина Кисела Вода, Скопје.

На инсталацијата ќе се складираат и третираат следните видови на отпад:

Отпад од физички третман: 15 01 04, 16 01 03, 16 01 04*, 16 01 16, 16 01 07*, 16 01 11*, 16 01 12, 16 01 13*, 16 01 14*, 16 01 15, 16 01 16, 16 01 17, 16 01 18, 16 01 19, 16 01 20, 16 01 21*, 16 01 22, 17 04 (освен 17 04 09* и 17 04 10*), 19 12 02, 19 12 03 и 20 01 40.

Отпад од механички третман: 15 01 04, 16 01 03, 16 01 04*, 16 01 16, 16 01 07*, 16 01 11*, 16 01 12, 16 01 13*, 16 01 14*, 16 01 15, 16 01 16, 16 01 17, 16 01 18, 16 01 19, 16 01 20, 16 01 21*, 16 01 22, 17 04 (освен 17 04 09* и 17 04 10*), 19 12 02, 19 12 03 и 20 01 40.

Отпад од термички третман: 15 01 04, 16 01 17, 16 01 18, сите 17 04 (освен 17 04 09* и 17 04 10*), 19 12 02, 19 12 03 и 20 01 40.

Предметниот Елаборат за заштита на животната средина е изготвен согласно Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени Елаборати (Службен весник на Република Македонија бр. 44/2013 и 111/2014), од страна на КД "ЕНВИРО РЕСУРСИ" ДОО од Скопје.

**Правна поука:** против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Директор на
Управа за животна средина
Xhezmi Saliu

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Скопје
Shkup
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Republika e Maqedonisë

Изработил: Мустафа Камили
Контролирал: Александар Петковски
Согласен: Билјана Петковска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Scanned with CamScanner

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

Арх.бр. УП1-11/4-1862/2019

Дата. 29-01-2020

ДО: Државен инспекторат за животна средина
ул. "Кеј Димитар Влахов" бр. 4
Скопје

ПРЕДМЕТ: Доставување на Елаборат за заштита на животната средина

Почитувани,

Согласно член 5 од Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени Елаборати (Службен весник на Република Македонија бр. 44/2013 и 111/2014), во прилог на овој допис Ви доставуваме еден примерок од одобрен Елаборат за заштита на животната средина за проект – Инсталација за складирање, третман и трговија со секундарни суровини во општина Кисела Вода, Скопје, за потребите на инвеститорот ДТУ "РЕЦКОСС-ТРАНС ЛТД" ДООЕЛ од Скопје.

Со почит,

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

Изработил: Мустафа Камили
Контролирал: Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска
Одобрил: Директор на Управа за животна средина
Xhezmi Saliu


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Scanned with CamScanner